ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучен субјект опфатен со ревизорскиот извештај:** Јавното радиодифузно претпријатие "Македонска радиотелевизија Скопје"

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:** да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- не се донесени стратешки, плански, програмски и подзаконски акти;
- непрецизни одредби во актот за систематизација за дел од барањата и описот на работните задачи и неусогласени акти за пресметка на плата со важечките законски одредби;
- не е воспоставена единица за внатрешна ревизија;
- нецелосно спроведен попис на средствата и обврските;
- невоспоставено следење на преземените мерки за наплата на побарувањата постари од пет години и
- неправилности во планирањето, доделувањето на договорите за јавни набавки и нивната реализација.

**Издадено мислење*:**

Мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:** /

**Клучни препораки:**

- донесување на стратешки, плански, програмски и подзаконски акти;
- прецизирање на барањата и прилагодување на описот на задачите во актот за систематизација со надлежностите и активностите кои се вршат, како и усогласување на актите за пресметка на плата со законските прописи;
- воспоставување на внатрешна ревизија;
- спроведување целосен попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- ажурирање на евиденција за следење на побарувањата и навремено преземање правни дејствија за ненаплатените побарувања од комитентите и
- подобрување на планирањето, начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, како и потребата од прецизни одредби во договорите за начинот на реализација на набавката и плаќањето.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на овластеното лице во ЈРП МРТ добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 19-985/3 од 30.05.2022 год.

**Одговор на добиени забелешки:**
Најголем дел од забелешките претставуваат известувања за преземени мерки, образложенија за причините за состојбите, една забелешка делумно е прифатена, а една не е прифатена поради не доставени докази.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување